**ИЗВРШИТЕЛ**
**Катерина Кокина**
**именуван за подрачјето на**

**Скопје 1 и Скопје** 2
**Бул. Св. Климент Охридски бр.52/1-9**
**тел./факс (02)** 3256-010

**И.бр.1331/18**

Извршителот **Катерина Кокина** од **Скопје** врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот **СТОПАНСКА БАНКА АД - Скопје** од Скопје со ЕДБ 4030996116744 и седиште на ул.,,11 Октомври" бр.7, засновано на извршната исправа Нотарски акт ОДУ бр.509/16 од 25.5.2016 на Нотар Зорица Пулејкова од Скопје, против должниците:

**Друштво за градежништво, трговија и услуги ФОКС ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Скопје** од Скопје со ЕДБ 4032012518785 и седиште на ДИМИТАР МАКЕДОНСКИ 15 Б и

**Дејан Брезовски** од Скопје со живеалиште на Димитар Македонски бр.15Б,

за спроведување на извршување во вредност 396.414,00 ден., на ден 26.03.2021 година го донесува следниот:

# ЗАКЛУЧОК
## ЗА ВТОРА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба со второ усно јавно наддавање на 1/3 идеален дел од недвижност на должникот Брезовски Дејан евидентирана во:

**1: Имотен лист број 1115, КО Кисела Вода 2, КП бр.2005**, Викано место/улица Димитар Македонски бр.15 Б:

-катастарска култура дм, површина во м2 80, право на недвижност сосопственост;
-катастарска култура зпз 1, површина во м2 107, право на недвижност сосопственост;
-катастарска култура зпз 2, површина во м2 16, право на недвижност сосопственост;
На 1/3 идеален дел од недвижност на должникот Брезовски Дејан и

**2.Имотен лист број 45251, КО Кисела Вода 2, КП бр.2005/0,** Адреса (улица и куќен број на зграда) Д.Македонски 15Б, Бр. на зграда/друг објект 1, Намена на згр. преземена при конверзија на податоците од стариот ел.систем А1, Влез 001, Кат ПР, Број 001, намена на посебен/заеднички дел од зграда СТ, Внатрешна површина во м2 61, право на недвижност сосопственост на 1/3 идеален дел од недвижност на должникот Дејан Брезовски

**Продажбата ќе се одржи на ден 14.04.2021 година во 14:00 часот во просториите на Извршител Катерина Кокина, Бул.„Св. Климент Охридски" бр.52/1-9, Скопје.**

Почетната цена на недвижноста, утврдена со Заклучок за утврдување на вредност/цена на недвижност врз основа на чл.185 од ЗИ од 26.03.2021 година И.бр.1331/18 на извршителот Катерина Кокина цена се утврдува за:

- индивидуален станбен објект- барака за 1/3 идеален дел од недвижност (сосопственичкиот дел на должникот Дејан Брезовски) и
- градежно изградено земјиште – двор за 1/3 идеален дел од недвижност (сосопственичкиот дел на должникот Дејан Брезовски)

во вкупен износ од 820.000,00 денари како почетна цена за втора продажба на недвижноста, под која недвижноста не може да се продаде на второто јавно наддавање (за 1/3 идеален дел од недвижност на должникот Брезовски Дејан).

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености:

- Налог за извршување кај пристапување кон извршување врз основа на чл.169 од ЗИ И.бр.919/2019 од 16.07.2019 година на Извршител Весна Деловска за носител на правото на реален товар Силк Роад банка АД Скопје и
- Налог за извршување кај пристапување кон извршување врз основа на чл.169 од ЗИ И.бр.1129/20-1 од 25.12.2020 година на Извршител Васко Блажевски за носител на правото на реален товар Стопанска банка АД Скопје

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на посебната сметка на извршителот со бр. 200002387764020 која се води кај Стопанска Банка АД Скопје и даночен број МК5080011502026, најдоцна еден ден пред одржување на наддавање. Доказ за уплатената гаранција е извод од посебната сметка на извршителот.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Катерина Кокина